**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), општина Конче, на ден 20.06.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ЛУПД за КП бр.937 КО Ракитец, општина Конче кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Конче, www.konce.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за КП бр.937 КО Ракитец, општина Конче, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: на предметниот опфат се предвидува површина за градба која понатаму согласно член 47 од Закон за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16) и чл. 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15. 193/15, 31/16 и 163/16), ќе се разработи со Основни и Архитектонско - Урбанистички проекти и согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина ќе се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина или Елаборат за животна средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.12-338/5
Датум:20.06.2018г
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Благој Илиев